Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

17-4153/1
27-03-2026

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21 и 178/21, 150/22, 236/22, 199/23 и 236/23), а во врска со Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 33/2026 од 18.2.2026 година), Интерна процедура за постапката на планирање, подготвување, реализација на програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција, како и постапката за реализирање на финансиските средства до извршителите на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 33/2026 од 18.2.2026 година) финансирана од Буџетот на Република Северна Македонија година, министерот за здравство донесува

Në bazë të nenit 16, paragrafët (2) dhe (3) të Ligjit për mbrojtjen shëndetësore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” nr. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19, dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23 dhe 236/23), në lidhje me Programin për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV në Republikën e Maqedonisë së Veriut për vitin 2026 (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 33/2026, datë 18.02.2026), Procedurën interne për planifikimin, përgatitjen, zbatimin e programit për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV, si dhe procedurën për shpërndarjen e mjeteve financiare tek zbatuese të aktiviteteve nga Programi për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 33/2026, datë 18.02.2026), e financuar nga Buxheti i Republikës së Maqedonisë së Veriut, Ministri i Shëndetësisë solli

## О Д Л У К А

**за спроведување на Јавен повик за избор на здруженија и доделување на средства на здруженија коишто ќе спроведуваат активности утврдени во Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година**

## V E N D I M

**për realizimin e Thirrjes Publike për përzgjedhjen e shoqatave dhe ndarjen e mjeteve për shoqatat që do të zbatojnë aktivitete të përcaktuara në Programin për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV në Republikën e Maqedonisë së Veriut për vitin 2026**

1. Да се објави Јавен повик за избор на здруженија и доделување на средства на здруженија коишто ќе спроведуваат активности утврдени во Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година.
2. За реализација на потребата од точка 1 од оваа Одлука обезбедени се средства во вкупен износ од 12.677.800,00 денари, обезбедени од Програмата 57 од Буџетска сметка ставка 425 за следните активности:

1. Të publikohet Thirrja Publike për përzgjedhjen e shoqatave dhe ndarjen e mjeteve për shoqatat që do të zbatojnë aktivitete të përcaktuara në Programin për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV në Republikën e Maqedonisë së Veriut për vitin 2026.
2. Për realizimin e nevojës nga pika 1 e këtij Vendimi, janë siguruar mjete në vlerë të përgjithshme prej 12.677.800,00 denarë, të siguruara nga Programi 57 i llogarisë buxhetore, zëri 425, për aktivitetet e

1) **Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за МСМ во Скопје, Струмица, Штип, Охрид, Куманово и Битола,** средства во вкупен износ од 2.070.000,00 денари.
2) **Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за лица кои инјектираат дрога (ЛИД),** средства во вкупен износ од 4.385.500,00 денари, за следните области:

- Скопје – средства во износ од 1.157.800,00 денари;
- Гостивар – средства во износ од 350.700,00 денари;
- Куманово – средства во износ од 350.700,00 денари;
- Охрид и Струга – средства во износ од 444.500,00 денари;
- Битола – средства во износ од 350.700,00 денари;
- Прилеп, Кичево и Велес – средства во износ од 585.200,00 денари.
- Кавадарци – средства во износ од 350.700,00 денари;
- Штип – средства во износ од 350.700,00 денари;
- Струмица и Гевгелија – средства во износ од 444.500,00 денари.

3) **Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за сексуални работници (СР),** средства во вкупен износ 2.568.300,00 денари, за следните области:
- Скопје (2) – средства во износ од 1.172.400,00 денари;
- Гостивар – средства во износ од 304.000,00 денари;
- Охрид – средства во износ од 356.200,00 денари;
- Битола – средства во износ од 273.700,00 денари;
- Струмица и Гевгелија– средства во износ од 462.000,00 денари.

4) **Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај лица со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ,** средства во вкупен износ од 539.000,00 денари.

mëposhtme:

1)**Parandalimi i HIV-it te popullatat kyçe** – programe për MSM (meshkuj që kanë seks me meshkuj) në Shkup, Strumicë, Shtip, Ohër, Kumanovë dhe Manastir, mjete në vlerë të përgjithshme prej 2.070.000,00 denarë.
2)**Parandalimi i HIV-it te popullatat kyçe – programe për personat që injektojnë droga (PID),** mjete në vlerë të përgjithshme prej 4.385.500,00 denarë, për zonat e mëposhtme:

- Shkup – mjete në vlerë prej 1.157.800,00 denarë;
- Gostivar – mjete në vlerë prej 350.700,00 denarë;
- Kumanovë – mjete në vlerë prej 350.700,00 denarë;
- Ohër dhe Strugë – mjete në vlerë prej 444.500,00 denarë;
- Manastir – mjete në vlerë prej 350.700,00 denarë;
- Prilep, Kërçovë dhe Veles – mjete në vlerë prej 585.200,00 denarë;
- Kavadar – mjete në vlerë prej 350.700,00 denarë;
- Shtip – mjete në vlerë prej 350.700,00 denarë;
- Strumicë dhe Gjevgjeli – mjete në vlerë prej 444.500,00 denarë.

3. **Parandalimi i HIV-it te popullatat kyçe – programe për punonjësit seksualë (PS),** mjete në vlerë të përgjithshme prej 2.568.300,00 denarë, për zonat e mëposhtme:

- Shkup (2) – mjete në vlerë prej 1.172.400,00 denarë;
- Gostivar – mjete në vlerë prej 304.000,00 denarë;
- Ohër – mjete në vlerë prej 356.200,00 denarë;
- Manastir – mjete në vlerë prej 273.700,00 denarë;
- Strumicë dhe Gjevgjeli – mjete në vlerë prej 462.000,00 denarë.

4. **Parandalimi pozitiv dhe mbështetja psikosociale te personat me HIV dhe partnerët e tyre me parandalim te**


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

5) **Активности за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации**, средства во вкупен износ од 1.050.000,00 денари.
6) **Психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога**, средства во вкупен износ од 385.000,00 денари.
7) **Активности за дијагноза и третман на СПИ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица**, средства во вкупен износ од 1.680.000,00 денари.

Министерството за здравство го задржува правото да склучи Договор со повеќе здруженија за извршување на иста активност, под услов вкупниот износ на склучените договори да не го надминува буџетот за утврдената активност, предвиден во точка 2 од оваа Одлука.

3. Постапката од точка 1 од оваа Одлука да се спроведе со објавување на Јавен повик во два дневни весници кои се достапни на целата територија на Република Северна Македонија и на интернет страната на Министерството за здравство www.zdravstvo.gov.mk.

4. Трошоци кои ќе се финансираат преку Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година:

- Човечки ресурси (надоместоци/плати за лицата кои ќе бидат ангажирани за реализација на програмските активности);
- Планирање и администрација (трошоци за сметководствени услуги, набавка на потрошен канцелариски материјал);
- Режиски трошоци (трошоци за закуп на простор, електрична енергија, водовод и канализација, парно греење, телефон, интернет, одржување на хигиена на простор, трошоци за одржување на веб апликација/интернет страна);
- Патни трошоци (регистрација, осигурување на возило и сервис на возило,

**MSM**, mjete në vlerë të përgjithshme prej 539.000,00 denarë.

5. **Aktivitete për testimin dhe këshillimin në terren për HIV** te popullatat kyçe, mjete në vlerë të përgjithshme prej 1.050.000,00 denarë.
6. **Mbështetje psikosociale për personat që kurohen nga varësia e drogës**, mjete në vlerë të përgjithshme prej 385.000,00 denarë.
7. **Aktivitete për diagnostikimin dhe trajtimin e Infeksioneve Seksualisht të Transmetueshme (IST) dhe shërbime për shëndetin seksual dhe riprodhues te popullatat kyçe dhe të rinjtë**, mjete në vlerë të përgjithshme prej 1.680.000,00 denarë.

Ministria e Shëndetësisë mban të drejtën të lidhë Marrëveshje me disa shoqata për kryerjen e të njëjtit aktivitet, me kusht që shuma e përgjithshme e marrëveshjeve të lidhura të mos e kalojë buxhetin për aktivitetin e përcaktuar, të parashikuar në pikën 2 të këtij Vendimi.

3. Procedura nga pika 1 e këtij Vendimi të realizohet përmes publikimit të një Thirrjeje Publike në dy gazeta ditore që janë të disponueshme në të gjithë territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe në faqen e internetit të Ministrisë së Shëndetësisë: www.zdravstvo.gov.mk.

4. Shpenzimet që do të financohen përmes Programit për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV në Republikën e Maqedonisë së Veriut për vitin 2026:

- Burime njerëzore (kompensime/paga për personat që do të angazhohen për realizimin e aktiviteteve programore);
- Planifikim dhe administrim (shpenzime për shërbime kontabiliteti, furnizim me material kancelarie të konsumueshëm);
- Shpenzime operative (shpenzime për qira të hapësirës, energji elektrike, ujësjellës dhe kanalizim, ngrohje qendrore, telefon, internet, mirëmbajtje të higjienës së hapësirës, shpenzime për mirëmbajtjen e aplikacionit web/faqes së internetit);

бензин/нафта/плин, патарини, автобуски превоз, превоз со воз);
- Набавка на медицински помагала и потрошен медицински материјал за корисниците на услугата;
- Набавка на хигиенски материјал за корисниците на услугата;
- Трошоци за реализација на програмски активности во однос на обезбедување на простор, потребни материјали и други трошоци за (одржување на работилница, семинари, обука).

5. За да учествуваат во постапката на Јавен повик за избор на здруженија и доделување на средства на здруженија коишто ќе спроведуваат активности утврдени во Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година, заинтересираните здруженија мора да ги исполнуваат следните услови за утврдување на нивната способност и да достават доказ за истите и тоа:
- Здружението да е регистрирано согласно Законот за здруженија и фондации;
- Здружението да има активно работење насочено на клучните засегнати популации засегнати од ХИВ (лица кои инјектираат дрога, сексуални работници/-чки, мажи што имаат секс со мажи или лица што живеат со ХИВ) во последните три години;
- Здружението да има соодветна експертиза и искуство – реализирани најмалку три проекта, односно еден повеќегодишен проект, во вкупно траење не помало од три години за давање стационарни и/или теренски услуги за превенција и поддршка во врска со ХИВ помеѓу клучни популации, самостојно или во партнерство;
- Да располага со соодветни кадровски ресурси за спроведување на активностите;
- Министерството за здравство го задржува правото да ја отфрли понудата на здружение кое покажало значителни или постојани недостатоци во исполнувањето на клучните обврски во претходни договори по Јавен повик склучени со Министерство за здравство, што резултирало со еднострано раскинување на договорот.

- Shpenzime udhëtimi (regjistrim, sigurim i automjetit dhe servis i automjetit, benzinë/naftë/gaz, pagesa rrugore, transport me autobus, transport me tren);
- Furnizim me mjete ndihmëse mjekësore dhe material mjekësor të konsumueshëm për përfituesit e shërbimit;
- Furnizim me material higjienik për përfituesit e shërbimit;

Shpenzime për realizimin e aktiviteteve programore në lidhje me sigurimin e hapësirës, materialeve të nevojshme dhe shpenzimeve të tjera për (organizimin e punëtorive, seminareve dhe trajnimeve).

5. Për të marrë pjesë në procedurën e Thirrjes Publike për përzgjedhjen e shoqatave dhe ndarjen e mjeteve për shoqatat që do të zbatojnë aktivitetet e përcaktuara në Programin për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV në Republikën e Maqedonisë së Veriut për vitin 2026, shoqatat e interesuara duhet të plotësojnë kushtet e mëposhtme për përcaktimin e kapaciteteve të tyre dhe të dorëzojnë dëshmi përkatëse për to, si më poshtë:

-Shoqata duhet të jetë e regjistruar në përputhje me Ligjin për Shoqata dhe Fondacione;
-Shoqata duhet të ketë veprimtari aktive, të orientuar drejt popullatave kryesore të prekura nga HIV-i (personat që injektojnë drogë, punëtorët/-et e seksit, burrat që kryejnë marrëdhënie seksuale me burra ose personat që jetojnë me HIV) në tre vitet e fundit;
-Shoqata duhet të ketë ekspertizë dhe përvojë të përshtatshme – të ketë realizuar së paku tre projekte, ose një projekt shumëvjeçar, me kohëzgjatje totale jo më të shkurtër se tre vjet, për ofrimin e shërbimeve stacionare dhe/ose në terren për parandalimin dhe mbështetjen lidhur me HIV-in ndërmjet popullatave kyçe, në mënyrë të pavarur ose në partneritet;
-Të disponojë me burime të përshtatshme njerëzore për zbatimin e aktiviteteve;
-Ministria e Shëndetësisë e mban të drejtën të refuzojë ofertën e një shoqate që ka treguar mangësi të konsiderueshme ose të vazhdueshme në përmbushjen e detyrimeve kryesore në kontratat e mëparshme të lidhura


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

- Некомплетната документација и документацијата која е поднесена по истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, се отфрла како некомплетна и задоцнета и истата нема да се разгледува. Комисијата за спроведување на јавниот повик, при проверката на комплетноста и валидноста на документацијата за утврдување на способноста на здружението и при евалуација на понудата, може да побара од здруженијата да ги појаснат или дополнат документите, доколку не станува збор за значителни отстапувања од бараната документација, во рок утврден во Јавниот повик.

6. Задолжителна документација за учество во Јавен повик

- Компјутерски пополнет унифициран образец, потпишан од застапникот на здружението и заверен со печат на здружението (на пропишаниот образец кој е составен дел на јавниот повик);
- Детален финансиски план (доставен како посебен документ);
- Тековна состојба од Централниот регистар (не постара од 6 месеци);
- Копија од Статутот на здружението;
- Програма за работа или стратешка рамка на здружението;
- Копија од последна завршна сметка (2024 година);
- Доказ за реализирани најмалку три проекта, односно еден повеќегодишен проект, во вкупно траење не помало од три години за давање стационарни и/или теренски услуги за превенција и поддршка во врска со ХИВ помеѓу клучни популации, самостојно или во партнерство (копија од склучен/-и договор/-и за спроведување на проект и копија од извештаи за реализација)
- Доказ за исполнување на соодветни кадровски услови: изјава на здружението за ангажиран персонал; професионална биографија на лицата кои ќе бидат ангажирани во реализација на проектот (на пропишаниот формулар кој е составен дел на јавниот повик);
- Најмалку едно мислење/референца од партнери или донатори за реализација на претходни проекти;
- Писмена поддршка од други организации или институции за кои е планирано да земат

me Ministrinë e Shëndetësisë përmes Thirrjeve Publike, të cilat kanë rezultuar me ndërprerje të njëanshme të kontratës.
- Dokumentacioni jo i plotë dhe dokumentacioni i dorëzuar pas skadimit të afatit përfundimtar për paraqitjen e ofertave, refuzohet si i paplotë dhe i vonuar dhe nuk do të merret në shqyrtim. Komisioni për zbatimin e Thirrjes Publike, gjatë verifikimit të plotësisë dhe vlefshmërisë së dokumentacionit për përcaktimin e kapaciteteve të shoqatës dhe gjatë vlerësimit të ofertës, mund të kërkojë nga shoqatat që të sqarojnë ose plotësojnë dokumentet, nëse nuk bëhet fjalë për devijime të konsiderueshme nga dokumentacioni i kërkuar, brenda afatit të përcaktuar në Thirrjen Publike.

6. Dokumentacioni i detyrueshëm për pjesëmarrje në Thirrjen Publike

- Formular i unifikuar i plotësuar në kompjuter, i nënshkruar nga përfaqësuesi i shoqatës dhe i vulosur me vulën e shoqatës (sipas formularit të përcaktuar që është pjesë përbërëse e Thirrjes Publike);
- Plan financiar i detajuar (i dorëzuar si dokument i veçantë) –
- Gjendje aktuale nga Regjistri Qendror (jo më e vjetër se 6 muaj);
-Kopje e Statutit të shoqatës;
- Program pune ose kornizë strategjike e shoqatës;
- Kopje e llogarisë përfundimtare të fundit (viti 2024);
- Dëshmi për realizimin e të paktën tre projekteve, ose një projekti shumëvjeçar, me kohëzgjatje totale jo më pak se tre vjet, për ofrimin e shërbimeve stacionare dhe/ose në terren për parandalimin dhe mbështetjen lidhur me HIV-in ndërmjet popullatave kyçe, në mënyrë të pavarur ose në partneritet (kopje e kontratës/kontratave të lidhura për zbatimin e projektit dhe kopje e raporteve për realizimin);
-Dëshmi për përmbushjen e kushteve të përshtatshme kadrovike: deklaratë e shoqatës për personelin e angazhuar; biografi profesionale të personave që do të angazhohen në realizimin e projektit (sipas formularit të përcaktuar që është pjesë përbërëse e Thirrjes


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

учество во реализацијата на проектот (доколку проектот се спроведува во партнерство со друга организација/ институција).

7. Проценката на квалитетот на поднесените пријави што ги исполнуваат условите за учество на Јавниот повик наведени во дел V, како и изборот на здруженија коишто ќе спроведуваат активности утврдени во Програмата за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година, ќе биде извршен врз основа на следниве критериуми:

| | | Максимум бодови |
|---|---|---|
| | | |
| 1. Релевантност и квалитет на пријавата | 1.1. Пријавата содржи јасен опис на целите | 10 |
| | 1.2. Пријавата содржи јасен опис на корисниците на услугите и нивните потреби | 10 |
| | 1.3. Пријавата е релевантна за постигнување на приоритетите на јавниот повик | 10 |
| | 1.4. Предложените активности одговараат на очекуваните резултати | 10 |

Publike);
- Së paku një mendim/referencë nga partnerë ose donatorë për realizimin e projekteve të mëparshme;
- Mbështetje me shkrim nga organizata ose institucione të tjera që është planifikuar të marrin pjesë në realizimin e projektit (nëse projekti zbatohet në partneritet me një organizatë/institucion tjetër).

7.Vlerësimi i cilësisë së aplikimeve të paraqitura që i plotësojnë kushtet për pjesëmarrje në Thirrjen Publike të përcaktuara në pjesën V, si dhe përzgjedhja e shoqatave që do të zbatojnë aktivitetet e përcaktuara në Programin për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV në Republikën e Maqedonisë së Veriut për vitin 2026, do të bëhet në bazë të kritereve të mëposhtme:

| | | Pikët maksimale |
|---|---|---|
| | | |
| 1. Relevanca dhe cilësia e aplikacionit | 1.1. Aplikacioni përmban një përshkrim të qartë të objektivave. | 10 |
| | 1.2. Aplikacioni përmban një përshkrim të qartë të përfituesve të shërbimeve dhe nevojave të tyre. | 10 |
| | 1.3. Aplikacioni është i rëndësishëm për arritjen e prioriteteve të Thirrjes Publike. | 10 |
| | 1.4. Aktivitetet e propozuara korrespondojnë me rezultatet e pritshme. | 10 |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk

| | | |
|---|---|---|
| | 1.5. Пријавата е во согласност со мерките и активностите од националната програма или националната стратегија за ХИВ или други релевантни национални стратегии и политики | 10 |
| 2. Институционална способност и искуство на организацијата | 2.1. Организацијата располага човечки ресурси со соодветно искуство, знаење и вештини потребни за спроведување на програмата | 10 |
| | 2.2. Претходно релевантно искуство во спроведување проекти што опфаќаат нудење услуги, теренска работа и други активности што директно ги вклучуваат целните групи дефинирани во рамките на овој Повик | 10 |
| | 2.3. Предложената пријава е во согласност со целите на организацијата | 10 |
| 3. Оправданост на буџетот | 3.1. Предвидените трошоци се | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| | **1.5.** Aplikacioni është në përputhje me masat dhe aktivitetet e programit kombëtar ose strategjisë kombëtare për HIV, ose me strategji dhe politika të tjera kombëtare relevante. | 10 |
| 2. Kapaciteti institucional dhe përvoja e organizatës | 2.1. Organizata disponon burime njerëzore me përvojë, njohuri dhe aftësi të përshtatshme për zbatimin e programit. | 10 |
| | 2.2.Përvojë e mëparshme relevante në zbatimin e projekteve që përfshijnë ofrimin e shërbimeve, punë në terren dhe aktivitete të tjera që përfshijnë drejtpërdrejt grupet e synuara të përcaktuara në kuadër të kësaj Thirrjeje. | 10 |
| | 2.3. Aplikacioni i propozuar është në përputhje me objektivat e organizatës. | 10 |
| 3. Arsyeja e buxhetit | 3.1. Shpenzimet e parashikuara janë të qarta dhe të | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| | јасно дефинирани и реално проценети | |
| | 3.2. Планираните трошоци се неопходни за спроведување на активностите | 10 |
| Вкупно: | | 100 |

| | | |
|---|---|---|
| | vlerësuara në mënyrë reale. | |
| | 3.2. Shpenzimet e planifikuara janë të nevojshme për zbatimin e aktiviteteve. | 10 |
| Gjithsej: | | 100 |

Неопходен минимум: за да може да биде избрано здружение, неопходно е пријавата да има добиено најмалку 50% од максималните предвидени бодови во секоја од трите категории.

Во случај кога повеќе од една пријава за одредена област од Повикот се оценети со над 70 бодови, Министерството за здравство го задржува правото да склучи Договор со повеќе здруженија за извршување на иста активност, под услов вкупниот износ на склучените договори да не го надминува буџетот за утврдената активност, предвидени во овој Јавен повик.

Со избраните здруженија ќе се склучат поединечни договори.

Министерството за здравство го задржува правото да ја отфрли понудата на здружение кое покажало значителни или постојани недостатоци во исполнувањето на клучните обврски во претходни договори по Јавен повик склучени со Министерство за здравство, што резултирало со еднострано раскинување на договорот.

8. Се задолжува Комисијата за спроведување на постапка на Јавен повик за избор на здруженија и доделување на средства на здруженија коишто ќе спроведуваат активности утврдени во Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 на Министерството за здравство во состав: Александра Ристовска Евтимова – Претседател, Весна Блажески Синадиновачлен, Антон Петков – член, да ја спроведе оваа Одлука.

Minimumi i nevojshëm: Për të qenë e përzgjedhur, një shoqatë duhet që aplikacioni i saj të ketë marrë të paktën 50% të pikëve maksimale të parashikuara në secilën nga tre kategoritë.

Në rast se më shumë se një aplikacion për një fushë të caktuar të Thirrjes vlerësohet me më shumë se 70 pikë, Ministria e Shëndetësisë e mban të drejtën të lidhë Marrëveshje me më shumë se një shoqatë për realizimin e të njëjtit aktivitet, me kusht që shuma totale e marrëveshjeve të lidhura të mos e tejkalojë buxhetin për aktivitetin e përcaktuar, të paraparë në këtë Thirrje Publike.

Me shoqatat e përzgjedhura do të lidhen marrëveshje individuale.

Ministria e Shëndetësisë e mban të drejtën të refuzojë ofertën e një shoqate që ka treguar mangësi të konsiderueshme ose të vazhdueshme në përmbushjen e detyrimeve kryesore në kontratat e mëparshme të lidhura përmes Thirrjeve Publike, të cilat kanë rezultuar me ndërprerje të njëanshme të kontratës.

8. Komisioni për zbatimin e procedurës së Thirrjes Publike për përzgjedhjen e shoqatave dhe ndarjen e mjeteve për shoqatat që do të zbatojnë aktivitetet e përcaktuara në Programin për mbrojtjen e popullsisë nga infeksioni me HIV në Republikën e Maqedonisë së Veriut për vitin 2026, në përbërje: Aleksandra Ristovska Evtimova – Kryetare, Vesna Blazeski Sinadinova – anëtare, Anton


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500 www.zdravstvo.gov.mk

утврдени во Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 на Министерството за здравство во состав: Александра Ристовска Евтимова – Претседател, Весна Блажевски Синадинова, Антон Петков – член, да ја спроведе оваа Одлука.

9. Се задолжува Комисијата од точка 8 од оваа Одлука да ја реализира и спроведе постапка на Јавен повик за избор на здруженија и доделување на средства на здруженија коишто ќе спроведуваат активности утврдени во Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**МИНИСТЕР,**

**Azir Aliu**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT MINISTRIA E SHËNDETËSISË РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ - SHKUP

Подготвил/ Përgatiti/: М-р Александра Ристовска Евтимова/ M-r Aleksandra Ristovska Evtimova
Контролирал Ангелчо Трајановски /Kontrolloi: Angelsco Trajanovski
М-р Дритан Даути, кабинетски советник/M-r Dritan Dauti, Këshilltar i Kabinetit
Согласен: Д-р Бесник Хамити, шеф на кабинет/Pajtohem: Dr. Besnik Hamiti, Shef i Kabinetit
Превод/ Përkthim: Qanie Buqi


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk